Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и член 160 став 5 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
# за начинот на вршење надзор над работењето на давателите на платежните услуги, издавачите на електронски пари, нивните агенти, операторите на платните системи и надворешните лица

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука поблиску се пропишува начинот на вршење надзор којшто Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) го врши над работењето на давателите на платежните услуги, издавачите на електронските пари, нивните агенти, операторите на платните системи и на надворешните лица на коишто врз основа на договор им е пренесено делумно или целосно извршување оперативни функции поврзани со давањето платежни услуги или работењето на платниот систем (во натамошниот текст: субјекти на надзор).

2. Овластени лица, според оваа одлука, се службени лица во Народната банка коишто се овластени од гувернерот да вршат надзор (во натамошниот текст: овластените лица).

## II. ПРЕДМЕТ И НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НАДЗОР

3. Предмет на надзорот е проверка на усогласеноста на работењето на субјектите на надзор со Законот за платежни услуги и платни системи (во натамошниот текст: Законот) и другите закони со кои се регулира нивното работење, како и подзаконските прописи донесени врз основа на овие закони.

4. Народната банка го врши надзорот од точка 1 на оваа одлука преку:
- Вонтеренско следење на работењето на субјектите на надзор (во натамошниот текст: вонтеренски надзор), согласно со главата III од оваа одлука;
- Теренски надзор кај субјектите на надзор, согласно со главата IVI од оваа одлука;
- Изрекување мерки согласно со главата VI од оваа одлука и
- Одржување контакти со членовите на органите на субјектите на надзор и со нивните друштва за ревизија (во натамошниот текст: одржување на контакти), согласно со главата VII од оваа одлука.

## III. ВОНТЕРЕНСКИ НАДЗОР

5. Вонтеренскиот надзор се врши со собирање и анализа на податоците, документите и извештаите коишто субјектите на надзор ги доставуваат до Народната банка во согласност со Законот или прописите донесени согласно со Законот, како и друга документација, односно други податоци и информации за работењето на субјектот на надзор со кои располага Народната банка, вклучувајќи и документација, податоци и информации од други супервизорски и/или надзорни органи.

6. Субјектите на надзор се должни, на барање на Народната банка, да ги достават сите барани податоци, документација и извештаи постапувајќи согласно со одредбите од точките 13, 14 и 15 од оваа одлука.

7. Народната банка од спроведениот вонтеренски надзор изготвува извештај за извршениот вонтеренски надзор во кој се евидентираат утврдената фактичка ситуација, како и евентуалните утврдени слабости, неусогласености и/или непочитување на прописите од точка 3 од оваа одлука.

8. На постапката којашто следи по изготвувањето на извештајот за извршениот вонтеренски надзор се применува главата V од оваа одлука.

## IV. ТЕРЕНСКИ НАДЗОР

9. Теренскиот надзор може да го опфати целокупното работење на субјектите на надзор (целосен теренски надзор) или да опфати само одреден дел од нивното работење (делумен теренски надзор).

10. Теренскиот надзор го извршуваат овластените лица со решение за надзор од гувернерот на Народната банка во кое се наведуваат субјектот на надзор и предметот на надзор. Решението може во текот на надзорот да биде дополнето, односно изменето.

Народната банка, за потребите на вршењето на теренскиот надзор, може да ангажира и надворешни лица како што се сертифицирани ревизори, друштво за ревизија или други стручни лица.

11. Народната банка доставува известување до субјектот на надзор дека планира да врши теренски надзор, најдоцна 10 дена пред неговото почнување. Известувањето содржи:

- информации за предметот на надзор;
- информации за овластеното лице коешто ќе раководи со надзорот и за останатите овластени лица кои ќе бидат вклучени во надзорот;
- датумот на почнувањето на надзорот;
- планираното времетраење на надзорот;
- листа на информации коишто треба да ги подготви субјектот на надзор и
- роковите во кои треба да бидат подготвени соодветните информации.

Информациите коишто треба да ги подготви субјектот на надзор за потребите на надзорот треба да бидат целосни, точни и конечни.

12. По исклучок на точка 11 од оваа одлука, Народната банка може да спроведе теренски надзор без да достави известување до субјектот на надзор дека планира да врши теренски надзор.

13. Субјектите на надзор се должни да им овозможат на овластените лица непречено вршење на теренскиот надзор, увид во работењето и на нивно барање да им ја стават на располагање или да им ја достават целокупната потребна документација, податоци и информации коишто овластените лица ги побарале во писмена, односно електронска форма и во рокот определен со известувањето.

14. Доколку при разгледувањето на документацијата, податоците и информациите од точка 13 од оваа одлука се појави потреба за добивање дополнителни податоци и информации од членовите на органите на управување или други раководни лица во субјектот на надзор, тие се должни, во согласност со оваа одлука, да им дадат на овластените лица, на нивно барање, писмен одговор на прашањата коишто им се поставени во рок којшто е утврден во барањето и доколку е потребно, да приложат докази во врска со одговорот.

15. Доколку документацијата, податоците и информациите од точка 13 на оваа одлука се на друг јазик, Народната банка може да побара од субјектот на надзор, на сопствен трошок, да обезбеди нивен превод на македонски јазик од страна на овластен судски преведувач во определен временски рок.

16. Народната банка може да не започне или да го прекине вршењето на теренскиот надзор доколку субјектот на надзор не овозможува негово непречено спроведување што подразбира дека:

- бараните документи, податоци и информации не се подготвени во целост согласно со известувањето од точката 11 од оваа одлука;
- надзорот се одвива отежнато поради неуредна евиденција, недоставување документација, податоци и информации, одбивање соработка за одржување состаноци или друг вид комуникација во процесот на соработка со органите на субјектот на надзор и/или
- на кој било друг начин се оневозможува или се отежнува вршењето на надзорот.

## V. ИЗВЕШТАЈ ОД ТЕРЕНСКИОТ НАДЗОР

17. Овластените лица изготвуваат извештај за извршениот теренски надзор со наоди од извршениот теренски надзор (во натамошниот текст: извештајот од надзор).

Доколку согласно со точка 16 од оваа одлука, субјектот на надзор го оневозможил извршувањето или завршувањето на започнатиот надзор, овластените лица изготвуваат извештај од спроведениот надзор во кој се наведува тоа.

Извештајот од надзорот од ставот 1 на оваа точка ги содржи најмалку следниве елементи:

- детален преглед на сите наоди во теренскиот надзор коишто се однесуваат на утврдените слабости во работењето на субјектот на надзор;
- наоди коишто претставуваат неусогласеност или непочитување на соодветната законска регулатива, подзаконска регулатива или интерни акти и
- заклучни согледувања за поединечните области од работењето опфатени со теренскиот надзор.

Извештајот од надзорот од ставот 2 на оваа точка ги содржи најмалку следниве елементи: место и датум на изработка на извештајот од надзорот, број и датум на решението на Народната банка за издавање дозвола за давање платежни услуги, издавање електронски пари, за упис во регистар или оператор на платниот систем, лица коишто го вршат надзорот, адреса на субјектот на надзор, наоди од извршениот надзор, рок во кој субјектот на надзор може да поднесе приговор на извештајот на надзор, одредба дека извештајот од надзорот претставува класифицирана информација, број на примероци во кои е составен извештајот на надзор и потпис на овластените лица кои го извршиле надзорот.

18. Овластените лица го доставуваат извештајот од надзорот до субјектот на надзор, којшто има право на приговор во рок од 15 дена од денот кога му е доставен извештајот.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, доколку надзорот е спроведен заради прибирање, обработка и анализа на податоците потребни за извршување на задачите на Народната банка или заради стекнување нови сознанија или податоци и информации побарани од други регулаторни или супервизорски тела, овластените лица изготвуваат извештај од надзорот којшто не се доставува до субјектот на надзор.

Субјектот на надзор, со приговорот на извештајот од надзорот е должен да даде објаснување со документирани докази за наодите за коишто смета дека не се основани или дека не одговараат на вистинската состојба на субјектот на надзор. Приговорот треба да биде потврден од страна на надзорниот орган при двостепен систем на управување, односно на одборот на директори при едностепен систем на управување на субјектот на надзор, односно управителот на субјектот на надзор.

Заедно со приговорот од ставот 1 од оваа точка, субјектот на надзор задолжително доставува план на активности коишто ќе ги преземе за отстранување на утврдените слабости, неусогласености и/или непочитување на одредбите од Законот и/или друг закон и/или прописите донесени врз основа на закони и роковите за нивно спроведување.

19. Овластените лица се должни да го разгледаат приговорот на извештајот од надзорот и да изработат одговор на приговорот во кој се изјаснуваат за одделните објаснувања на субјектот на надзор за наодите дадени во извештајот од надзорот.

Секое известување од субјектот на надзор во кое се наведени објаснувања и активности коишто се преземени по завршувањето на теренскиот надзор нема да се смета за приговор на извештајот од надзорот.

20. Одговорот на приговорот од ставот 1 од точка 19 од оваа одлука се доставува до субјектот на надзор во рок од 25 дена од приемот на приговорот.

21. Извештајот од надзорот ќе се смета за конечен по доставувањето на одговорот на приговорот. Одговорот на приговорот е составен дел на конечниот извештај од надзорот.

22. По доставувањето на одговорот на приговорот, се смета дека теренскиот надзор е завршен, а извештајот од надзорот се смета за конечен.

23. Субјектот на надзор е должен да достави конечен план на активности коишто ќе ги преземе за отстранување на утврдените слабости, неусогласености и/или непочитување на одредбите од Законот и/или друг закон и/или прописите донесени врз основа на закони и роковите за нивно спроведување во рок од 20 дена од денот кога извештајот од надзорот станува конечен.

24. Извештајот од надзорот претставува професионална тајна на Народната банка и субјектот на надзор е должен да ја чува. Субјектот на надзор може да ја сподели содржината на извештајот од спроведениот надзор со трети лица само за потребите за вршење ревизија на годишните финансиски извештаи и трговски книги, за длабинска анализа на субјектот на надзор и во други случаи предвидени со закон, по претходно добиено писмено одобрение од Народната банка.

## VI. ИЗРЕКУВАЊЕ МЕРКИ

25. Во зависност од видот, тежината и зачестеноста на утврдените слабости, неусогласеност и/или непочитување на одредбите од Законот утврдени врз основа на спроведениот надзор, Народната банка презема мерки кон субјектите на надзорот на начините и според условите определени во Законот.

## VII. ОДРЖУВАЊЕ КОНТАКТИ

26. По потреба, овластените лица одржуваат состаноци со членовите на органите на управување и надзор на субјектите на надзор и друштвата за ревизија. Целта на овие состаноци е преку размена на податоци и информации за субјектите на надзор, овластените лица да добијат поблиски информации за ризиците на кои е изложен субјектот на надзор во работењето и начинот на нивното управување.

Пред почнувањето или во текот на спроведувањето на теренскиот надзор, овластените лица од точката 10 од оваа одлука можат да одржат состанок со друштвото за ревизија и/или лицето ангажирано или вработено во субјектот на надзор надлежно за спроведување внатрешна ревизија.

27. На состанокот се разговара за наодите од активностите на друштвото за ревизија и на службата за внатрешната ревизија на субјектот на надзор.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

28. На постапките на надзор на платните системи започнати пред денот на почнувањето со примената на оваа одлука, ќе се применува Одлуката за начинот и методологијата на надзор на платните системи („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 177/21).

29. На денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот и методологијата на надзор на платните системи („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 177/21).

30. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

**О бр. 02-15/XX-8/2022**
**25 ноември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**